Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа - Institucioni Nacional
Центар за култура - Qendra për Kulturë
ТРАЈКО ПРОКОПИЕВ - TRAJKO PROKOPIEV
Бр. Nr. 04 - 333/2
22.04 2026 год./vit.
Куманово - Kumanovë

Врз основа на член 76-а, 76-б, 76-в, член 77-а став 1 и став 2, член 77-б, 77-в, 77 – г и член 77 – д од Законот за култура, а во врска со Одлуката за потреба од работници со објавување на оглас **Бр. 04-333/1** од **22.04.2026** година, врз основа на член 22 од Законот за работни односи (''Службен весник на Р.М. бр. 62/05, 106/08, 161/08,114/09, 130/09, 120/11, 10/12, 11/12, 13/13, 25/13,170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15 и 27/16), Правилник за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување на давателите на јавните услуги во Националната установа Центар за култура ''Трајко Прокопиев'' – Куманово **Бр. 01 – 648/3** од **14.10.2019** година, Правилник за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на селекцијата, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работното место за кое е објавен огласот од НУ Центар за култура ''Трајко Прокопиев'' – Куманово **Бр. 01 -70/3** од **15.01.2020** година и Согласност од Министерство за финансии на РСМ **Бр. 19 - 7260/2** од **22.07.2025 година,** обновување не согласноста од Министерство за финансии на РСМ **Бр. 19-1946/2** од **31.03.2026 година** на ден **22.04.2026** година се објавува:

# ЈАВЕН ОГЛАС

**За вработување на неопределено време на еден (1) извршител и тоа:**

**1. Столар, со шифра КУЛ 04 01 А03 001, 1 (еден) извршител**, на неопределено време, со завршено **Основно образование, со или без работно искуство во струката.**

Кон пријавата кандидатот потребно е да достави:

- **Доказ за завршено соодветно образование (свидетелство, диплома, уверение), оригинал или копија заверена кај нотар.**
- **Уверение за државјанство, оригинал или копија заверена кај нотар.**
- **Лекарско уверение (не постаро од 6 (шест) месеци).**
- **Доказ дека не е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност**

Пријавата за вработување особено содржи:

- **Податоци за кандидатот** (име и презиме, матичен број на граѓанинот, датум и место на раѓање, адреса и место на живеење, електронска адреса на кандидатот, контакт телефон), како и кратко мотивациона писмо;
- **Кратка биографија**

Рокот за доставување на документите е 7 дена, сметано од наредниот ден од објавувањето на огласот.

Постапката за селекција за вработувањето се состои од административна селекција за проверка на веродостојноста на доставените податоци и доказите доставени на јавниот оглас и интервју.

Изборот ќе се врши во рок од 45 работни дена по истекот на рокот за пријавување.

Работното време на:

Работното место - **Столар, со шифра КУЛ 04 01 А03 001** е 40 часа неделно (понеделник - петок), 8 часа дневно и истото трае од 08 : 30 – 16 : 30 часот.

**Основната Нето Плата** за работно место:

- **Столар, со шифра КУЛ 04 01 А03 001**– изнесува во **42.380,00** денари.

Ненавремена, некомплетна и неуредна документација нема да биде разгледувана. Пријавата со потребните документи да се достават до Национална установа Центар за култура ''Трајко Прокопиев'' – Куманово.
Пл. Маршал Тито бр. 3 1300 Куманово.
Тел 031/415 - 099
1300 Куманово

В.Д Директор,

Јоана Сарафимовска